Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 143/0306
04.09 2024 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.08.2024 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Мицкоски му се извинил на Курти за инцидентот на скопскиот аеродром со косовската претседателка Османи“**, објавен на онлајн медиумот Фронтлајн (frontline.mk), на 05.08.2024 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ до Извршната канцеларија на СЕММ и Комисијата за жалби испрати претставка за текст објавен во Фронтлајн, во која се повикува на нефер и неточно известување и на мешање на факти со коментари. Меѓу другото, во жалбата се наведува:

„Информацијата и во насловот и подолу во текстот е неточна. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Проф. д-р Христијан Мицкоски не се извини за инцидентот со претседателката на Косово, г-ѓа Вјоса Османи, туку изрази жалење што настанот се случил."

Жалителот наведува дека покрај насловот, целосно е неточен и следниот дел од текстот:
„На заедничката прес конференција помеѓу премиерите на Република Северна Македонија и Република Косово, Христијан Мицкоски и Албин Курти, на новинарско прашање, дали Мицкоски се извинил за инцидентот на скопскиот аеродром на втори јули, со косовската претседателка Вјоса Османи, Курти одговори дека додека траела тет-а тет средбата со Мицкоски, имало извинување од негова страна, односно, дека изразил жалење за инцидентот и на средбата, како и претходно."

Партијата жалител наведува дека „Курти не вели дека имало извинување, туку дека е изразено жалење – што е различно од тоа да се упати извинување", како и дека „новинарот точно забележал дека Курти вели дека е изразено жалење, но претходно тоа го толкува како упатено извинување, па после неточната констатација дека имало извинување објаснува со „…односно…", како тој гледа на зборовите на Курти (дека е искажано жалење за настанот).

Сметаме дека известувањето е неточно и дека фактот (изразено жалење, кое патем беше изразено од двете држави) е помешан со мислењето на авторот (дека било упатено извинување)", се наведува во жалбата од ВМРО-ДПМНЕ.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, потсетувајќи и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација. Од медиумот меѓу другото одговорија:

„Се работи за различно разбирање на поимот извинување, односно жалење. Не може ни оддалеку да се тврди дека се работи за „неточно и нефер известување и мешање на факти и мислење, вест и коментар". Напротив, таквото тврдење е тенденциозно и навредливо,

освен што е неточно. Ве известуваме дека партијата ВМРО-ДПМНЕ не комуницира со нашата Редакција и досега не одговорила на троцифрен број прашања во изминатите 5, 6 години, а во однос на предметниот текст, не приложила демант или барање за исправка. Ние сме подготвени да направиме **исправка**, па и да се **извиниме**, доколку партијата ВМРО-ДПМНЕ смета дека немало извинување и дека изразот „жалење за инцидентот“ суштински е различен.

Текстот од ЦивилМедиа е само пренесен на Фронтлајн. Не ни е познато дали и други медиуми го пренеле текстот со тој наслов“, се наведува во одговорот од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека со објавениот текст на медиумот Фронтлајн на 05.08.2024, а со наслов **„Мицкоски му се извинил на Курти за инцидентот на скопскиот аеродром со косовската претседателка Османи“**, е прекршен **Член 1** од Кодексот на новинари на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата го разгледа оспорениот текст, при што утврди на почетокот дека станува збор за известување од прес конференција, кое секако си има свои закономерности, но и слобода на новинарите и медиумите да го потенцираат во насловот и во главата на извештајот она за што тие сметаат дека е од најголем јавен интерес или интерес на јавноста во дадениот момент.

Комисијата воедно беше известена дека од членовите е направен детален увид и во снимката од самата прес конференција, која што впрочем ја нуди и самиот медиум во видео форма во рамки на извештајот за пресот, при што е констатирано дека ниту косовскиот премиер Курти на албански јазик, ниту пак, официјалниот преведувач на македонски, во ниту еден момент не го употребиле зборот извинување. Од друга страна, медиумот во извештајот на две места, и во насловот и во текстот, тврди дека Курти рекол дека македонскиот премиер Мицкоски му се извинил, што не одговора на фактичката ситуација. Имено, точно е тоа дека според Курти, Мицкоски изразил жалење, а не извинување.

Иако може на прв поглед да изгледа дека станува збор за безначајна ситна грешка и замена на зборовите и нивна употреба во иста реченица во медиумски извештај од прес конференција, Комисијата сака да подвлече дека не само формално, туку особено во политичка смисла, т.е. кога зборовите извинување и жалење се употребуваат во политичкиот говор, а особено во протоколарно строгиот дипломатски јазик, огромна е разликата помеѓу „**жалење“** и „**извинување“** за нешто или за некој инцидент, случка, итн. Оттаму, со употребата на терминот извинување наместо жалење или со употребата на двата збора, како и со употребата на зборот извинување во насловот од новинарскиот

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

извештај, јавноста може да биде доведена во заблуда, односно е изложена на неточни факти.

Затоа, Комисијата едногласно смета дека во дадениот случај жалителот е во право и дека медиумот отстапил од професионалните и етичките правила, поточно **прекршен е Членот 1** од Кодексот на новинари на Македонија.

**Член 1**

> **Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.**

Комисијата во овој случај сака да изрази жалење што и покрај прифаќањето на медиумот случајот да се реши по пат на медијација, што вклучува и исправка и евентуално извинување, жалителот, ВМРО-ДПМНЕ, не појави интерес за такво нешто, иако медијацијата е најбрзиот и најефикасниот начин за решавање на недоразбирањата помеѓу јавноста и граѓаните, особено кога жалителот се откажал од правото да побара демант, исправка и извинување од самиот медиум.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595